# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## на ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово

## за период од 2024 до 2028 година



август 2024 година

# Преамбула

Врз основа на член 49 став 1, член 108 и 113 од Законот за основното образование („Сл. весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) и член 4 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.08-3714/3 од 29.05.2024 год., Директорот на ООУ„Браќа Миладиновци“-Куманово предложи Развојна програма за работа на училиштето, до Училишниот одбор, по претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Советот на родители.

По разгледување на предлогот Училишниот одбор на ООУ„Браќа Миладиновци“-Куманово, на одржаната седница на ден 12.08.2024 година, ја усвои Развојната програма за работа на училиштето за периодот од 2024-2028 година.

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Браќа Миладиновци” Куманово |
| Адреса | ул. „Народна Революција“ бр.43, Куманово |
| Телефон, е-пошта | 031 424 281<br>ou-brakjamiladinovci-kumanovo@schools.mk<br>brakamiladinovci_ku@yhoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2024 -2028 |
| Број на ученици во училиштето | 2240 |
| Број на подрачни училишта | 2 (две)<br>ПУ Пчиња и ПУ Студена Бара |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Јасминка Спасовска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобровување од УО** | |
| Име и презиме | Филип Саревски |
| Потпис | |
| Датум | |

## Содржина

**1. Податоци за основното училиште**

1.1. Идентификациски податоци за училиштето

1.2. Историјат на основното училиште

**2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето;**

**3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа);**

**4. Мисија и визија на основното училиште;**

**5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив;**

**6. Дефинирани стратешки и развојни цели;**

**7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето;**

**8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето;**

## Вовед

Реализацијата на воспитно-образовната дејност во основното образование е сложен процес врз кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување. Сепак, денес во општествени услови на интензивни и динамични промени, повеќе од било кога порано, нагласена е потребата од квалитетно планирање во училиштето. Оваа развојна програма е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на училиштето во наредниот четиригодишен период во ООУ„Браќа Миладиновци“–Куманово, а како интегрален дел од годишните програми и развојната програма за работа на Директорот. Во текот на учебната 2023/24 година е спроведена самоевалуација на училиштето за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување. Анализата на добиените резултати и препораките од интегралната евалуација се основа за формирање на приоритетите на училиштето, конструкцијата на акциониот план, кој ги содржи сите потребни елементи во насока на надминување на утврдените слабости. Реализацијата на сите поставени цели и задачи ќе биде во согласност со законските нормативи и Статутот на училиштето за успешна реализација на планирањата. Исто така, оваа програма има за цел добро програмирани и поставени задачи, форми, методи и рокови за упешна реализација на целите, како следење, анализирање и проучување на одредени проблеми кои би се појавиле во текот на работењето. Училиштето ќе ја следи визијата на училиштето и ќе се обиде да ја реализира неговата мисија. Како цели во развојната програма се обидовме да ги вградиме:

- Унапредување и осовременување на условите на реализација на наставата;
- Развивање и унапредување на компетенциите и потенцијалите кај учениците;

- Развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на основните човекови слободи и права, подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество;
- Развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање и решавање на проблеми стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование;
- Унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина;
- Промовирање на креативноста, индивидуалниот развој и личноста на учениците;
- Подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес кој ќе потикнува и развива креативно и критичко размислување;
- Унапредување на професионалниот развој на вработените кој ќе ги следи современите текови на животот и технолошкиот развој постојана грижа за здравјето во училиштето;
- Градење на взаемна почит, доверба, позитивна клима и средина за учење;
- Унапредување на формите на соработка со родителите и локалната средина;

Развојната програма се заснова на: Закон за основно образование, Правилник за формата и содржината наразвојната и годишната програма за работа на основното училиште, Стратегија за образование 2018-2025 година,Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепцијата за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконски и интерни акти.Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работана основното училиште од претходните четири години, Извештај од интегрална евалуација на основното училиште.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Браќа Миладиновци“ Куманово |
| Адреса | Ул. „Народна Револуција“ Бр.43, Куманово |
| Телефон | +389 31 424-281 |
| Место, општина | Куманово |
| Веб-страница | www.oubm.com |
| Е-пошта | brakamiladinovci_ku@yahoo.com |
| Ден на училиштето | Патронен празник |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | ЦУ- 4362 м2; ПП -1087 м2; Соколана 1025м2; ПУс.Пчиња-239 м2; ПУс.Ст.Бара-96 м2 |
| Училишен двор (m2) | ЦУ-2500 м2; Соколана -700 м2; ПП -600 м2; с.Пчиња-1313 м2; с.Ст.Бара-3612 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | С.Пчиња и С.Студена Бара |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1395 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 1240 |
| Број на паралелки | 64 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Да |

| | |
|---|---|
| Број на смени во кои се реализиранаставата во училиштето | Две смени |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училиште има ресурсенцентар | да |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | ЕМБС 4028775 |

**1.2.**Историјат на основното училиште

ООУ„Браќа Миладиновци”-Куманово е основано и започнува со работа на 11.XII.1953 година во училишната зграда на ООУ„Крсте Мисирков“-Куманово. Верификација на училиштето е направена со Одлука број10-1029/3 од 5.VI.1996 година.

Со Одлука бр.23-2176/7 од 14.VI.2004 година кон училиштето се вклучени и подрачните училишта с.Пчиња и с.Ст.Бара.

Училиштето е лоцирано во центарот на градот и опфаќа ученици од централно подрачје, реонот на Соколана и селата Пчиња и Студена Бара кои се во состав на училиштето. Работи во пет училишни згради и функционира како Централно училиште со две подрачни и едно училиште за деца со Посебни Образовни Потреби кое има нова функција на Центар за поддршка на ученици со попреченост на Североисточен регион и тоа:

Централната училишна зграда се наоѓа на улицата „Народна Револуција“ бр. 43 каде се сместени 20 (дваесет) паралелки од предметна настава , 4 (четири) паралелки од I одделелние, 4 паралелки од II одделение, 1 (една) паралелка од III (трето) одделение.

Во втората зграда која се наоѓа на ул. „Тонко Димков” бб се изведува настава за учениците од I-V, односно за децата кои припаѓаат на тој реон. Наставата ја посетуваат 9 (девет) паралелки;

Во третата зграда која се наоѓа на ул „Тане Георгиевски” бб, наставата се изведува за учениците од Посебните паралеки и тоа 7 паралелки од III до IX одделение, 3 (три) паралелки од III одд. и 4 (четири) паралелки од редовно четврто одделение, вкупно 14 паралелки;

Центри за поддршка на учењето—со развојот на инклузијата посебните паралелки при училиштата се трансформираат во Центри за поддршка на учењето и ќе нудат свои стручни, материјални и просторни ресурси за учениците со попреченост, нивните семејства и воспитно- образовниот кадар во училиштата. Тие вршат индивидуален третман и рехабилитација и учествуваат и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби, согласно со препораката на стручното тело за функционална проценка.

Како четвртата зграда е подрачно училиште во с. Пчиња. Опфаќа ученици од селата што гравитираат кон тој реон од I до IX одд. со вкупно 9 (девет) паралелки;

Во петтата зграда која е лоцирана во с.Студена Бара работат 2 (две) комбинирани паралелки од I до V одделение.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Професионален развој и зајакнување на компетенции на наставници и стручни соработници | 1.1 Интерна обука од страна на наставници и избрани провајдери за работа со помош на интернет платформи | да | | | Врз основа на оддржаните обуки од страна на наставниците и избраните провајдери, наставниците се стекнаа со нови знаења и истите ги применуваат во секојдневната настава со што се подобри квалитетот на наставата. |
| | 1.2 Едукација на наставници за работа со инклузирани ученици и изработка на ИОП | да | | | По одржаните обуки од страна на стручните соработници наставниците ги надоградија своите знаења за работа со ученици со попреченост кои се инклузирани во редовните паралелки како и го збогатија своето знаење за начинот на изработка на ИОП. |
| | 1.3 Едукација на наставници за работа со надарени ученици | да | | | Наставниците преку одржаните дисеминации и обуки стекнаа нови знаења за работа со надарени ученици |

| Стратешка цел 2 | Равојни цели | Целосно реализи рана | Делумно реализир ана | Нереали зирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на училишната клима | 2.1 Усовршување на програмата за советување на ученици и родители | да | | | Подобрена е комуникацијата со родителите на учениците, вклучени се целиот наставен процес и проблемите кои произлегуваат во текот на секојдневната работа. |
| | 2.2 Идентификација, поддршка и следење на на деца со потешкотии во однесувањето и учењето | да | | | Стручната служба и инклузивниот тим во училиштето активно ги следи и дава адекватна поддршка на учениците кои имаатпотешкотии.<br>Ученците го подобрија своето однесување и успехот. |
| | 2.3 Идентификација на талентирани и надарени ученици | да | | | Стручниот тим во училиштето ги идентификува, следи и дава адекватна поддршка на надарени и талентирани ученици. Таквите ученици се гордост на училиштето и секојдневно се здобиваат со награди и признанија. |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализи рана | Делумно реализир ана | Нереали зирана | Образложение |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на Инфаструктура на училиштето | 3.1 Комплетно е реновирана и санирана кровната конструкција на централна зграда | да | | | Со реновирање на кровната конструкција учениците се вратија во своите училници и наставата ја следеа заедно со своите соученици. Безбедноста и здравјето на учениците се заштитени. |
| | 3.2 Поставена е енергетско ефикасна фасада на објект Соколана, и промена на прозорци и монтажа на PVC прозорци и врати во централно училиште. | | да | не | Со поставување на енергетско ефикасна фасада и термоизолациони прозорци училиштето има заштеда на финансиски средства кои ќе бидат пренаменети за други потреби.<br>Проектот за целосна реконструкција ќе продолжи и во понатамошниот период се до негова конечна реализација. |
| | 3.3 Поставена е пристапна рампа за ученици со попреченост инклузирани во редовни паралелки и поставен е лифт и тактилни плочи за слабовидни лица во централната училишна зграда | да | | | Со поставување на пристапна рампа подобрени се условите за реализација на воспитно образовниот процес за ученците со пречки во развојот.<br>Учениците со пречки во развојот можат безбедно и без мака да стасаат до своите училници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за истите. Дел од постоечките тоалети се реконструирани и приспособени за деца со пречки во развојот. | | | | |
| | 3.4 Предвидено е целосно реновирање на ПУ Пчиња(врати, прозорци, подови фасада и преградување на училници и работа во една смена) | | | не | Со реновирање на ПУ Пчиња учениците ќе добијат поквалитетни услови за следење на воспитно образовниот процес а училиштето ќе заштеди на финансиски средства бидејќи истото ќе работи во една смена и ќе нема дополнителни трошоци за загревање на училишниот простор. Проектот е одбрен и е во фаза на изработка и за истиот се обезбедени финансиски средства од Општина Куманово и во најбрз можен рок ќе отпочне со реализација |

## 3. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| -Училиштето спроведува образовна инклузија на високо ниво, преку одлична соработка на Училишен инклузивен тим, образовни асистенти и сите наставници, во соработка со ОУРЦ „Иднина“-Скопје, со што се искористени максимум потенцијали и потреби на учениците; | -Недоволен број на образовни асистенти вклучени во самиот процес во редовна настава; |
| -Училиштето врши промоција на активностите на МИО со партнер-училиште ООУ„Бајрам Шабани“-Куманово во континуирана соработка низ работилници со што се подобрува и поттикнува мотивираноста на учениците; | -Недоволна едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија; |
| -Учениците постигнуваат врвни резултати на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво со и без акредитација; | -Реновирање на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња на кое му е потребна реконструкција; |
| -Центарот за поддршка кој работи во состав на училиштето дава индивидуални третмани на сите ученици со ПОП во училиштето и во Североисточниот регион; | -Неможност УО да има влијание врз буџетот со цел побрзо решавање на донесени одлуки во училиштето; |
| -Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна континуирана соработка со локалната заедница, јавните установи и деловен сектор; | -Недостаток на просторен капацитет, одвивање на воспитно образовен процес од страна на две училишта во иста училишна зграда со вкупно 2500 ученици; |
| -Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит, | -Во однос на инклузија, недоволно обучен наставен кадар и стручни соработници (и покрај одржаните обуки и дисеминации); |
| | -Недоволна екипираност на персонал, логопед, негувател или медицинско лице; |
| | -Недоволен број на современи ИКТ средства за осовременување на наставата; |

| | |
|---|---|
| еднаквост и емпатија;<br><br>-Успешна соработка со партнер училишта од Еразмус + проекти преку мобилности, размена на искуства и идеи и активности на учениците од нашето училиште со врсници од партнер училиште;<br><br>-Навремено информирање, реализирање и ажурирање на кодекс на однесување и облекување со вклученост на сите структури во училиштето;<br><br>-Работа на Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост;<br><br>-Реконструиран кров во централна зграда;<br><br>-Вклученост на родители во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми;<br><br>-Промовирање на сите активности во локалната заедница од страна на локални медиуми, фан страна и вебстрана научилиштето;<br><br>-Училиштето спроведува голем број на активности, работилници и предавања на кои учениците стекнуваатвештини за препознавање и справување со различни видови на насилство;<br><br>-Во училиштето има обучени наставници и ученици за давање на прва помош;<br><br>-Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку | -Доопремување на библиотеката со библиотичен материјал. |

| | |
|---|---|
| изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства;<br><br>-Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори;<br><br>-Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование;<br><br>-Континуираното подобрување на инфраструктурните услови за престој на учениците во сите училишни згради во кои се одвива наставата;<br><br>-Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки;<br><br>-Училишната библиотека е достапна за сите ученици.<br><br>-Учениците навремено се запознаени со сите потребни информации (преку вибер групи, ФБ и веб страната на училиштето);<br><br>-Директорот подеднакво ги распределува обврските и задачите на сите наставници. | |

| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
|---|---|
| -Локацијата во централното градско подрачје нуди можности за активна соработка со локалната заедница и бизнис секторот;<br><br>-Образовната структура на родителите овозможува да дадат придонес за подобрување на квалитет на наставата и воннсатавни активности;<br>-Опремување на училиштето со ИТ опрема преку аплицирање на проекти и донации;<br><br>-Мотивирање на родителите за подобрена комуникација и соработка со чести состаноци и активности во насока на подобри воспитно-образовни резултати;<br><br>-Подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците преку соработката со голем број установи:<br><br>-Квалитетен наставен кадар овозможува, брзо лесно и квалитетно имплементирање на современите трендови во образованието, што резултира со континуирано високи резултати и голем интерес кај родителите да ги запишат своите деца во училиштето;<br><br>-Зајакнување на соработката и создавање позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина преку традиционално организирање на ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата | -Училиштето работи во иста училишна зграда заедно со друго училиште;<br><br>-Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат угостителски објекти и има голема фрекфренција во сообраќајот;<br><br>–Зголемен број на ученици со посебни образовни потреби а сеуште недоволно изграден систем за нивна инклузија во редовниот воспитно образовен процес;<br><br>–Слаба финансиска состојба на општината, родителите и бизнис секторот;<br><br>-Недоволно материјални средства и извори за обезбедување на стручна литература и наставни средства кои ќе соодветствуваат со современите наставни текови и постојните потреби на наставата и воспитно образовниот процес;<br><br>-Немање доволно просторни можности на училиштето. |

## 4. Мисија и визија на основното училиште




## М и с и ј а

„Училиште во кое се создава позитивна, стимулативна клима, преку квалитетно образование и подобрени услови за работа при тоа негувајќи ги индивидуалните способности и почитувајќи ги разликите.“

# В и з и ј а

„Училиште кое обезбедува еднакви можности за стекнување на применливи знаења и вредности, за ученици од различни етникуми, оспособени за вклучување во мултиетничко општество“.



## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| **Приоритет** | **Образложение** |
|---|---|
| Едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија. | Се поголемиот број на ученици кои имаат посебни образовни потреби во редовните паралелки налага наставниците да ги пратат современите технолошки текови и доколку се покаже потреба соодветно да се обучуваат, со што квалитетот на својата работа како наставници би ја подигнале на едно повисоко ниво. |
| Реновирање на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња | Училишниот објект во село Пчиња целосно ќе се реконструира до крајот на оваа календарска година. Проектот е во завршна фаза и финансиските средства се обезбедени од Општина Куманово. Целосната реконструкција опфаќа замена на кровен покривач, енергетско ефикасна фасада, замена на олуци, електрична инсталација и лед осветлување, замена на врати и прозорци и преградни ѕидови на училници. Со оваа реконструкција ќе се обезбеди едносменско работење и заштеда на финансиски средства. |
| Опремување на училници со ИКТ средства за осовременување на наставата. | Начинот на презентирање и на усвојување на знаењето од страна на наставниците кон учениците, но воедно и начинот на совладување на знаењето од страна на учениците се менува согласно развојот на технологијата која длабоко е навлезена во сферата на нашиот секојдневен живот. Од таа причина постои потреба училниците да бидат опремени со современи ИКТ средства кои во најголем дел би допринеле квалитетот на наставата да биде на највисоко можно ниво. |
| Поставување на енергетско ефикасна фасада и алтернативно решение за затоплување во централната | Енергетската ефикасност е од голема важност во однос на заштеда на енергијата. Од таа причина се води голема сметка заштедата на енергијата да биде на високо ниво. Воедно е од голема важност и начинот на греење т.е. видот на горивото од аспект на екологијата и |

| | |
|---|---|
| училишна зграда и гасификација на објектот во Соколана. | заштита на животната околина.Проектот за гасификација на училиштето е веќе во завршна фаза бидејќи во училишниот двор е помината инсталациона мрежа и соседните две училишта се веќе приклучени на истата.Се чека на одобрување од МВР и по добивање на согласност ќе се започне со негова реализација. |
| Обучување на наставниот кадар за комплетна имплементација во процесот на инклузија. | Процесот на инклузија е сложен и бара целосна посветеност на сите чинители. Доколку имаме за цел наставниот процес да им биде достапен на учениците со посебни образовни потреби , а воедно да се створат услови тие самите да го искористат својот потенцијал мора да се води сметка и за спремноста на наставниот кадар а пред се на екипираноста од стручни профили кои се неопходни за непречено функционирање на инклузивниот процес. |
| Дополнување на книжниот фонд во библиотеката со нови лектирни изданија | Континуирано опремување и дополнување на книжниот фонд на библиотеката во училиштето е особено важен процес. Зголемување на мотивираноста на учениците кон читањето на литература и пишаниот збор е една од главните цели на воспитно образовниот процес. Постои неопходност од зголемување и надополнување на постоечкиот фонд на литературни изданија, лектири но и слободна стручна литература кои би им биле од полза на учениците при нивното истражување и проширување на знаењето во училишната библиотека. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

**Од приоритети кон стратешки цели**

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| Организирање на обуки на наставници за работа со инклузирани ученици со ПОП и талентирани ученици<br><br>Едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија. | Професионален развој на наставниците, стручните соработнициi и раководен кадар за ефикасно спроведување на процесот на инклузија на учениците со ПОП; |
| Дополнување на книжниот фонд во библиотеката со нови лектирни изданија<br><br>Опремување на училници со современи ИКТ средства заосовременување на наставата. | Обезбедување услови за реализирање на современа и квалитетна настава. |
| Реновирање на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња на кое му е потребна ре конструкција.<br><br>Приклучување на гасоводна мрежа на објект Соколана.(Проектот за гасификација на училиштето е веќе во завршна фаза бидејќи во училишниот двор е помината инсталациона мрежа и соседните две училишта се веќе приклучени на истата.<br><br>Се чека на одобрување од МВР и по добивање на согласност ќе се започне со негова реализација. | Подобрени инфаструктурни услови за работа кои овозможуваат безбедна средина за учење и настава и подобрување на енергетска ефикасност; |

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководен кадар за ефикасно спроведување на процесот на инклузија на учениците со ПОП | 1.1 Зголемување на компетенции на наставници и стручни соработници за работа со ученици со ПОП;<br>1.2 Подобрување на перформансите на наставниот кадар со примена на асистивна технологија;<br>1.3 Зголемување на компетенции на наставници и стручни соработници за работа со талентирани ученици; |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели |
| Обезбедување услови за реализирање на современа и квалитетна настава | 2.1 Обезбедување поголем број на ресурси и материјали за работа на часовите;<br>2.2 Технолошко осовременување на наставниот процес во училиштето; |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
| Подобрени инфаструктурни условиза работа | 3.1 Обезбедување на услови за имплементација на енергетска ефикасност на централна училишна зграда;<br>3.2 Приклучување кон гасоводна мрежа на објект Соколана;<br>3.3 Целосна реконструкција на ПУ Пчиња |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

**Стратешка цел 1**. Професионален развој на наставниците, стручните соработнициии раководен кадар за ефикасно спроведување на процесот на инклузија на учениците со ПОП;

**Развојна цел 1.1**

Зголемување на компетенции на наставници и стручни соработници за работа со ученици со ПОП

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Организирање на интерна обука за работа на наставниците и стручните соработници со инклузирани учениици со ПОП;<br><br>2. Следење на нагледни часови од страна на | Обучени 30 наставници и стручна служба вкупно 7<br><br>Посетени нагледни часови пред и после обука (20 наставни часа) | БРО,<br><br>МОН,<br><br>Тим за професионален развој на наставници,<br><br>, провајдер;<br><br>Директор; | Континуирано секоја учебна година(2024-2028) | Материјали од обучувачи и презентации за дисеминација;<br><br>Нагледни средства за реализациј | Директор,<br><br>Стручна служба;<br><br>Тим за професионален развој, | Списоци за следење на обука;<br><br>Формат за следење на час;<br><br>Записници од состаноци;<br><br>Сертификати од обука;<br><br>Анкета пред и по |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| стручна служба и директор;<br><br>3.Споделување искуства на стручен актив помеѓу наставници за добри и применливи практики. | Следење на средорочни планирања со ИОП (30 наставни часа);<br><br>Оддржани средби на стручен актив најмалку еден во полугодие; | Стручна служба;<br><br>Наставници;<br><br>Стручни активи; | | а | | обука; |
| | | | | | | |

**Развојна цел 1.2**

Подобрување на перформансите на наставниот кадар со примена на асистивна технологија

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Интерна обука – дисеминација на наставниците за примена на уреди од асистивна технологија;<br><br>2.Примена на асистивна технологија на наставни часови; | Обучени (30) наставници и стручна служба (7)<br><br>Посетени нагледни часови пред и после обука (20); | Тим за професионален развој на наставници;<br><br>стручна служба;<br><br>Обучувачи од | Континуирано секоја учебна година (2024-2028) | Нагледни стредства за реализација;<br>Проектор;<br><br>Материјали од обучувачи | Директор;<br><br>Стручна служба;<br><br>Тим за професионален развој | Списоци за следење на обука<br><br>Формат за следење на час;<br><br>Записници од состаноци;<br><br>Сертификати од обука; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Споделување искуства на стручен актив помеѓу наставници за добри и применливи практики;<br><br>4.Организирање на отворен час | Прегледани дневни поготовки каде има планирано примена на асистивна техологија во наставниот процес (20);<br><br>Организирани отворени часови ( најмалку еден во полугодие);<br><br>Одржани средби на стручен актив (најмалку еден во полугоди е); | Ресурсен центар „Иднина“,<br><br>МОН,<br>БРО. | | презентации за дисеминација;<br><br>Тастатура со шарени копчиња и жолти копчиња;<br><br>Track ball,<br><br>Лупа за екран;<br>Комјутер со екран на допир;<br><br>Држачи за молив;<br><br>Таблети за асистивна технологија; | | Анкета пред и по обука; |
| **Развојна цел 1.3.**<br><br>Зголемување на компетенции на наставници и стручни соработници за работа со талентирани ученици | | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализацијана активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Организирање на обука за работана наставници и стручни соработници со талентирани ученици;<br><br>2.Барање на провајдери;<br><br>3.Реализација на обука;<br><br>4.Споделување искуства на стручен актив помеѓу наставници за добри и применливи практики | Обучени наставници и стручна служба (97)<br><br>Посетени нагледни часови пред и после обука (90);<br><br>Оддржани средби на стручен актив ( најмалку еден во полугодие). | Тим за професионален развој на наставници,<br>стручни лица од лиценцирани провајдери;<br><br>МОН;<br><br>БРО. | Континуирано секоја учебна година. (2024-2028): | Нагледни стредства за реализација: | Директор, стручна служба: | Списоци за следење на обука;<br><br>Формат за следење на час;<br><br>Записници од состаноци: |
| **Стратешка цел** | 2. Обезбедување услови за реализирање на современа и квалитетна настава | | | | | |

| **Развојна цел** | 2.1. Обезбедување поголем број на ресурси и материјали за работа на часовите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикаториза успех | Носители на активностите | Временс карамка за имплементаци ја | Потреб ни ресурс и | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите |
| 1.Одржување на стручен актив за проценка и анализа каков вид и која количина на книги се потребни како дополнување на книжниот фонд во училишната Библиотека (лектирни изданија и стручна литература);<br><br>2.Дополнување на книжниот фонд во библиотеката со нови лектирни изданија и друга стручна литература;<br><br>3.Барање за доставување на понуди од издавачки куќи; | Поголема заинтересира ност на учениците за учество на литературни конкурси; (100 ученика);<br><br>Подобрен квалитет на настава преку користење на дополнетио т наставен фонд, | Тим за професионал ен развој на наставници;<br><br>Стручна служба,<br><br>наставници,<br><br>стручни активи | континуирано (2024-2028) | Хартија;<br><br>Пенкала;<br><br>Компјутер;<br><br>печатач. | Директор,<br><br>Стручна служба,<br><br>Стручни активи | Записници од стручни активи<br><br>Листа за дополнување на книжен фонд;<br><br>Литературни конкурси;<br><br>Разгледување на понуди од издавачки куќи;<br><br>Избор на најповолна понуда |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.Организирање на базари и собирни акции за добивање на финансиски средства | | | | | | |
| **Развојна цел 2.2**<br>Технолошко осовременување на наставниот процес во училиштето | | | | | | |
| Активности | Индикаториза успех | Носители на активностите | Временс карамка за имплементаци ја | Потреб ни ресурс и | Тим за следење за реализациј ана активностит е | Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите |
| 1.Потребите на училиштето од ИКТ средства и изработка на листа за потребни количини (смарт табли, компјутери);<br><br>2.Барање на понуди од продавници за ИКТ опрема;<br><br>3.Обезбедување на финанскиски средства за набавка | Изработен извештај со проценка за потреба од набавка од ИКТ технологија;<br><br>Обезбедени потребни финасиски средства за набавка на потребната ИКТ технологија; | Директор;<br><br>Тим за изготвување на проект и аплицирање;<br><br>Наставници;<br><br>Стручни соработници;<br><br>Комисија за јавна | (2024-2028) континиуирано | Хартија,<br><br>пенкала,<br><br>компјутер,<br><br>печатач. | Директор,<br><br>Стручна служба,<br><br>стручни активи | Листа за набавка и проценка на ИКТ опрема;<br><br>Документација од спроведена јавна набавка;<br><br>Гаранциски листи од набавена ИКТ опрема;<br><br>Листи за присуство на одржани обуки; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на ИКТ опрема;<br><br>4.Спроведување на јавна набавка и избор на најповолен понудувач;<br><br>5.Опремување на училници со ИКТ средства за осовременување на наставата;<br><br>Обука наставници за користење на смарт табли;<br><br>Планирање и примена на ИКТ техологија во наставниот процес, | Набавени и ставени во употреба смарт табли (најмалку 10 и најмалку 30 комјутери);<br><br>Сите наставници (97) посетиле обука за користење на смарт табли;<br><br>Посетени 20 наставни часа во секое полугодие | набавка;<br><br>Благајник;<br><br>Секретар | | | | Формат заследење на час |

**Стратешка цел 3** Подобрени инфаструктурни услови за работа

**Развојна цел 3.1** Обезбедување на услови за имплементација на енергетска ефикасност на централна училишна зграда;

| Активности | Индикаториза успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација | Инструменти/извор ина информации за следење на |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на активностит е | индикаторите |
| 1. Утврдување на постоечката состојба преку формирање на тим за проценка;<br><br>2. Барање за изготвување на проект и предмер пресметка до ЈП „Куманово План“;<br><br>3.Барање за обезбедување на финансирање до Општина Куманово и МОН;<br><br>4. Барање за донации до општествено одговорни компании;<br><br>5.Поставување на енергетско ефикасна фасадаво централна зграда | Заштеда на енергетска ефикасност- намалени сметки за ел.енергија и природен гас ( до 20%),<br><br>Подобрени услови во училишната зграда ( потопли училници за 800 ученици и 100 вработени во зимски/летен период) (Бенефит ќе имаат уште толку ученици и наставници од ООУ„Крсте Мисирков“Куманово кои ја користат истата училишна | Директор,<br><br>ЈП „Куманово План“<br><br>Тим за апликацијана проект,<br><br>Комисија за јавна набавка,<br><br>Избран најповолен понудувач,<br><br>Општина Куманово,<br><br>МОН,<br><br>UNOPS(Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги)<br><br>Помошно | (2024-2028) | Тендерска документација;<br><br>Финансиски средства за поставување на енергетско ефикасна фасада; | Комисија за јавна набавка,<br><br>Овластени лица од UNOPS и Општина Куманово,<br><br>Директор, | Листа за проценка за потребата за поставување на енергетско ефикасна фасада,<br><br>Контрола на изготвен проект и проектна документација,<br><br>Увид во финансов план за обезбедени финансиски средства,<br><br>Документација од спроведена јавна набавка;<br><br>Увид во градежна книга<br><br>Поставена енергетско ефикасна фасада |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.Тековно одржување | зграда во втора смена)<br><br>Подобрен амбиентален изглед на училишната зграда и централното градско подрачје | технички персонал | | | | |
| **Развојна цел 3.2.** Приклучување кон гасоводна мрежа на објект Соколана; | | | | | | |
| Активности | Индикаториза успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностит е | Инструменти/извор ина информации за следење на индикаторите |
| 1. Одржување состаноци со донатори за поднесен проект- UNOPS(Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги);<br><br>2.Обезбедување на комплетна документација , | Заштеда на енергетска ефикасност- намалени сметки за енергија ( до 20%),<br><br>Подобрени услови за престој во | Директор,<br><br>ЈП „Куманово План“<br><br>Тим за апликацијана проект,<br><br>Комисија за јавна набавка, | (2024-2025) | Тендерска документација;<br><br>Финансиски средства за приклучување на гасоводна мрежа; | Комисија за јавна набавка,<br><br>Овластени лица од UNOPS и Општина Куманово,<br><br>Директор, | Записници од одржани состаноци,<br><br>Листа за проценка за потребата за приклучување на гасоводна мрежа,<br><br>Контрола на изготвен проект и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| согласности од МВР за финализирање на проектот;<br><br>3.Изготвување на финалана верзија на проектна документација и добивање на Извештај од донатори за одобрени финансиски средства;<br><br>4.Спроведување на јавна набавка и избор на најповолен понудувач од страна на донатор,<br><br>5.Набавка на котел и мерна станица и поставување на истите;<br><br>6.Реализирањ е на активности од проект за приклучување на гасоводна | училишната зграда (потопли/посту дени училници за над 300 ученици и 30 наставници во зимски/летен период) (Бенефит ќе имаат уште толку ученици и наставници од ООУ„Крсте Мисирков“Кум аново кои ја користат истата училишна зграда во втора смена)<br><br>Подобрен амбиентален изглед на училишната зграда и воопшто на централното градско подрачје;<br><br>Почиста | Избран најповолен понудувач,<br><br>Општина Куманово,<br><br>UNOPS(Канц еларија на Обединетите нации за проектни услуги)<br><br>Помошно технички персонал | | | | проектна документација,<br><br>Увид во финансов план за обезбедени финансиски средства,<br><br>Документација од спроведена јавна набавка;<br><br>Увид во градежна книга<br><br>Приклучено училиште на гасоводна мрежа. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| мрежа<br><br>7.Употреба на гасовод за загревање на училиштето | средина, нема загадување на воздухот во околината на училишната зграда и градот ( покрај 300 ученици и 30 наставници бенефит ќе имаат и околните куќи над 30): | | | | | |
| **Развојна цел 3.3** | Целосна реконструкција на ПУ Пчиња | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Утврдување на постоечка | Работа во една смена; | Директор, | (2024-2025) | Тендерска документациј | Комисија за јавна набавка, | Записници од одржани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| состојба од тим за проценка;<br><br>2.Записник од утврдена постоечка состојба,<br><br>3.Изготвување на проектна документација за целосна реконструкција на училишната зграда од ЈП Куманово План;<br>4.Апликација до Општина Куманово;<br><br>5.Одобрени финансиски средства од Општина Куманово;<br><br>6.Спроведена јавна набавка и избор на најповолен понудувач од страна на Општина Куманово,<br><br>7.Целосна реконструкција на училишен објект: | Заштеда на енергеткска ефикасност- намалени сметки за ел.енергија и превоз на ученици ( до 30%),<br><br>Подобрени услови за престој во училишната зграда (потопли/постудени училници за 63 ученици, 15 наставници и 2 хигиеничари во зимски/летен период)<br><br>Подобрен амбиентален изглед на училишната зграда;<br><br>Побезбедни | Тим за апликацијана проект,<br><br>Комисија за јавна набавка,<br><br>Избран најповолен понудувач,<br><br>ЈП Куманово План<br><br>Општина Куманово,<br><br>Помошно технички персонал | | а;<br><br>Финансиски средства за целосна реконструкцијана ПУ Пчиња; | Овластени лица од Општина Куманово,<br><br>Директор, | состаноци,<br><br>Листа за проценка за потребата од реконструкција на ПУ Пчиња,<br><br>Контрола на изготвен проект и проектна документација,<br><br>Увид во финансов план за обезбедени финансиски средства,<br><br>Документација од спроведена јавна набавка;<br><br>Увид во градежна книга<br><br>Целосна реконструкција на училишен објект со поставени клима уреди и преградени училници за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реновирање на фасада и замена на кровен покривач, промена на прозорци и врати, поставување на нова електрична инсталација и ЛЕД осветлување, преградување на постоечки училници. | услови за работа (за околу 63 ученици, 15 наставници и 2 хигиеничари<br><br>Почиста и поздрава средина, нема загадување на воздухот во околината на училишната зграда и селото Пчиња кое е едно од најголемите снабдувачи на раноградинарски производи за Куманово и пошироката околина ( покрај 63 ученици и 15 наставници бенефит ќе имаат и околните селски куќи над 20) | | | | | едносменско работење. |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

- Јасминка Спасовска—Директор;
- Милена Илиќ Пешиќ–стручен соработник;
- Соња Поповиќ-стручен соработник;
- Бојан Дамњановски-предметен наставник;

  Анита Милановска-предметен наставник;
- Јулијана В.Петковски-предметен наставник;
- Гордана Ракиќ-одделенски наставник;
- Милена Михајловска-одделенски наставник;
- Драган Станишковски-претставник од родители;
- Теодор Станојковски-претставник од Училишен парламент;
- Фросина Николовска-претставник од локална самоуправа.

**Директор**

\-------------------------------------

*Јасминка Спасовска*

**Претседател на Училишен одбор**

\---------------------------------------------

**Филип Саревски**

**м.п**

**12.08.2024 год. Куманово**